Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет техничко образование за IV одделение на деветгодишното основно образование за учебната 2020/21 година.

СКРАТЕНА НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## IV Одделение

Септември 2020 година

ДЕВЕТГОДИШНО

ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## 1. Вовед

Скратената наставна програма за учебната 2020/2021 година по наставниот предмет техничко образование се базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, 1 час неделно, односно вкупно 32 часа.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 2. Преглед на теми и наставни единици

| ТЕМА: ГРАФИЧКА ПИСМЕНОСТ ( 10 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Организација на работното место<br>2. Видови линии<br>3. Цртање фигури со разни видови технички линии<br>4. Од идеа до реализација(скица и технички цртеж)<br>5. Скицирање на идеа и изработка на цртеж<br>6. Мерење(мерење на различни димензии, м, дм, цм, мм)<br>7. Мерење со точност до 1мм<br>8. Размер и котирање<br>9. Котирање и примена на елементите на котирање на технички цртеж<br>10. Цртање на скици и едноставни фигури на компјутер во ПАИНТ |

| ТЕМА: МАТЕРИАЛИ, ГРАДБА И ОБЛИКУВАЊЕ ( 10 ЧАСА) |
| --- |
| **Наставни единици:**<br>1. Хартија и полукартон (добивање, видови и особини)<br>2. Работни постапки при обработка на хартија и полукартон<br>3. Рециклажа на стара хартија<br>4. Текстил (добивање, природни и вештачки суровини, видови и особини<br>5. Работни постапки при работа со текстил<br>6. Кроење и шиење на текстил<br>7. Дрвни полупроизводи<br>8. Видови и особини на дрвни полупроизводи<br>9. Работни постапки при обработка на дрвото<br>10. Изработка на објекти од комбинирани материјали |

| ТЕМА: КОНСТРУКТИВНО ТВОРЕШТВО ( 6 ЧАСА) |
| --- |
| **Наставни единици:**<br>1. Елементи за составување (завртки и навртки)<br>2. Склопување и расклопување на модели и макети од готови елементи<br>3. Постапки за конструирање  на модели и макети и функција на оригиналите<br>4. Конструирање на различни модели<br>5. Практична примена на оригиналите<br>6. Склопување на објекти(возило, ветерница,авионнче, бротче...) |

| ТЕМА: СООБРАЌАЈ ( 6 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Правила и прописи за движење на пешаците во сообраќајот<br>2. Регулирање на крстосница со сообраќајни знаци<br>3. Светлосна сообраќајна сигнализација<br>4. Сообраќајни знаци (пат со првенство на минување, крстосница, обележан пешачки премин,забрана на сообраќајот за пешаци)<br>5. Решавање задачи со сообраќајни проблеми со сообраќајни знаци<br>6. Примена на слики, модели, слајдови и програми во ИКТ за регулирање на сообраќајот |

## 3. Дидактички препораки

Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма за учебната 2020/2021 година по наставниот предмет техничко образование е редовната наставна програма (конкретните цели, поими, предложените активности и методи), кои даваат можност за самостојно планирање и реализација на наставните единици, согласно со напредувањето и потребите на учениците, како и почитување на принципот на актуелизација во наставата по техничко образование. При наблудувањето, инструирањето и демонстрацијата учениците се упатуваат да употребуваат постапки и инструменти во сознавањето и примената на стекнатите знаења во секојдневниот живот и практика.

Наставните единици даваат можности за интегрирано, целно и содржинско поврзување со наставните предмети математика, ликовно образование, природни науки и општество. Потребно е наставникот да користи методи, форми и наставни средства и материјали  преку кои на учениците ќе им се овозможи да ги изразат своите способности во процесот со активно учество и ќе се стекнат со знаења, вештини, ставови и вредности кои ќе можаат да ги користат во секојдневниот живот.

Бидејќи активностите предвидени во програмата понекогаш опфаќаат повеќе цели, како и цели од различни содржини, односно од различни научни подрачја. Така што една цел може да се постигне преку повеќе различни активности, а за изборот на активностите наставникот се раководи од истата, условите во училницата, работилницата, материјалите, наставни средсва од реални и симулирани ситуации и постапки, потребата на напредокот на сите ученици,  имајќи предвид и скратеното работно време за реализација за време на часот.

**Норматив за наставен кадар**

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет  техничко образование за четврто одделение на деветгодишното основното образование ја утврди

Арх. Бр. 12-8424/179
16.09.2020

Министер за образование и наука
Мила Царовска